# Преваленца и фактори на ризик поврзани со гестациски дијабетес мелитус кај бремени жени

Блерта Локмани[1], Љубица Аџи-Андов[1,2]
[1]*Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Северна Македонија*
[2] *Специјализирана болница по гинекологија и акушерство „Д-р Органџиски“ , Штип, Северна Македонија*

**ВОВЕД**
Гестацискиот дијабетес мелитус (ГДМ) е нарушување на гликозната толеранција кое се јавува за време на бременоста. Тој е
поврзан со зголемен мајчин и фетален морбидитет, како и долгорочни здравствени ризици.
Целта на оваа студија беше да се утврди преваленцата на ГДМ и да се идентификуваат ризик -факторите кај бремени
жени.

**МЕТОДОЛОГИЈА**
• Тип на студија : Крос -секциска
• Број на испитанички : 95 бремени жени
• Гестациска возраст : 18–32 недели
• Возраст на испитанички : >18 години
• Тестирање : Орален гликоза -толеранс тест (OGTT) со 75 грама гликоза
• Инструмент : Стандарден прашалник со три секции:
o Демографски податоци
o Медицинска историја
o Начин на живот и исхрана

**ФАКТОРИ НА РИЗИК**
• Возраст: 26 –30 години
• Семејна историја на дијабетес
• Прекумерна тежина за време на бременоста
• Ниска физичка активност
• Внес на шеќер преку пијалоци

**РЕЗУЛТАТИ**

| Параметар | Процент (%) |
|---|---|
| Преваленца на ГДМ | 33,7% (32 жени) |
| Возрасна група 26–30 години | 45,3% |
| Позитивна семејна историја | 40% |
| Прекумерна телесна тежина | 26,3% |
| Редовна/честа консумација газирани пијалоци | 65,3% |
| Физичка активност (редовна) | само 10,5% |

**ЗАКЛУЧОК**
Стапката на ГДМ е значително висока (33,7 %) кај испитаните жени.
Редовниот скрининг за ГДМ треба да биде дел од рутинската пренатална грижа , особено кај жени со идентификувани ризик -фактори.
Потребна е едукација за здрав начин на живот за време на бременоста.